

# 1-ви Декември Светски ден на борба против Сидата



# ОКОЛУ ВИРУСОТ

СИДА е болест која претставува последен стадиум на ХИВ вирусот.
ХИВ претставува кратенка од англискиот поим за вирусот причинител на имунитетски недостаток кај човекот. Тој е вирус кој го напаѓа имунолошкиот систем кој помага во заштитата на човекот од болести. Кога нашиот имунолошки сиситем е ослабнат, организмот е помалку способен да се бори со болести. Инфекцијата со ХИВ води кон СИДА (синдром на стекната имунодефициенција). Ако некое лице е ХИВ позитивно, тоа значи дека крвниот тест покажува дека вирусот е присутен во организмот. Се додека вирусот не го нападне имунолошкиот систем (понекогаш по многу години), тоа лице нема СИДА.



Постои разлика помеѓу поимите - ХИВ позитивно лице и лице болно од СИДА. Тоа се две поврзани но различни работи кои често погрешно се поистоветуваат. Хив позитивното лице е заразено од ХИВ вирусот што не значи дека има СИДА. До појавата на болеста може да помине период од две до десет години. ХИВ позитивно лице може да изгледа потполно здраво, способна за физичка работа или било која друга активност.



# Начини на пренос на вирусот

- Инфекцијата може да се пренесе преку употреба на заеднички игли бидејќи клетки кои го содржат вирусот може да се сè уште присутни на иглата, без да може да се видат.
- ХИВ може да се пренесе со сексуален контакт (анален, орален или вагинален) ако при тоа не се преземат мерки на заштита. Инфицирана сперма, вагинални секрети вклучувајќи ја и менструалната крв, може да навлезат преку мали гребнатинки (абразии) во организмот на партнерот.
- Жени кои се ХИВ позитивни може да го пренесат вирусот на нивните бебиња во тек на бременоста, породувањето или во тек на доењето.
- Во минатото ХИВ можел да се пренесе и преку трансфузии.

# Симптоми на вирусот





**Малаксаност**
Главоболка

**Проширување на црниот дроб**

**Гадење**
Повраќање

**Тумор на кожата**
Осип



# Терапија

- Сè уште нема ефикасен и специфичен лек нити вакцина за ХИВ. Во последно време, во светот и во нашата земја се применуваат антиретровирусни лекови, кои имаат одредено влијание на вирусот. Во Република Македонија антиретровирусната терапија е бесплатна за лицата коишто живеат со ХИВ/СИДА и е достапна на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.
- На ова поле, во светот се работи многу и веројатно е дека во иднина ќе се создаде можност за уште поефикасно лекување. Во меѓувреме, се применува терапија која овозможува инфицираните лица да останат здрави, колку што е можно подолго. За таа намена се даваат повеќе лекови, со кои се зајакнува имуниот систем. Исхраната треба да е квалитетна а инфицираното лице треба да е физички активно.
- Некои веруваат во алтернативните терапии, како масажа, реики и акупунктура.

# Превентива од инфекцијата

- При секој полов однос (орален, анален, вагинален) користете соодветен кондом кој е правилно наместен, кондомот е единственото средство кое може да превенира пренесување на вирусот за време на полов однос.
- Никогаш немојте да делите игли или прибор за инјектирање, со други.
- Треба да се внимава со различни акциденти, на пример ако некој крвари или со манипулацијата со медицинскиот отпад (игли).
- Секој новооткриен случај на ХИВ позитивно лице задолжително да се регистрира во Републичкиот завод за здравствена заштита, притоа не откривајќи го идентитетот на лицето.



# Број на инфицирани со ХИВ вирусот

| 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| 31,3 M | 38,0 M | 40,1 M |
| Инфицирани | Инфицирани | Инфицирани |



# Црвената лента - симбол на солидарноста за луѓето кои се ХИВ позитивни и за оние кои боледуваат од сида


Што правиш
ти против
борбата со
СИДАТА?


ХИВ не ги прави опасн
луѓето да знаете, па
можете да се ракувате
и
прегрнете


AIDS




HIV
AIDS



Јас се борам против
-СИДАТА-
Еден од најдобрите начини да
се бориш со -сидата- и да ги
разбереш ХИВ позитивните е да
зборуваш отворено и искрено за
тоа кои сме ние и што чувствуваме

